**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 март 2008 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 16,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да продолжиме со работа.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои се наоѓаат во Собранието, а се уште не влегле во салата да повелат да влезат во салата.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

Продолжуваме со работа по 104-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Хади Незири, Андреј Жерновски, Лилјана Поповска, Павле Трајанов, Борис Кондарко, Лазар Китаноски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Али Ахмети, Гоце Марковски иЉубчо Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството на пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

**Предлог за донесување на закон за катастар на недвижности, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по Предлогот на законот.

Претресот по амандманот на член 13 став 2 алинеја 2, поднесен од пратениците Никола Куркчиев и Влатко Серафимов е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, за гласале 12, воздржани нема, против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 3 поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер Сашо Всилевски.

**Сашо Василевски:** Благодарам претседателе, Владата не го прифаќа овој амандман. Се однесува на времетраењето на мандатот на директорот кој што се предлага да биде 4 години. Ние предлагаме да биде 5 од едноставна причина што сметаме дека изборот на директорот не треба да се деполитизира.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави госпоѓа Цветанка Иванова.

Повелете госпоѓа Иванова имате збор.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Јас обратно мислам дека изборот на директорот треба да се деполитизира, не не треба да се деполитизира.

Мислам дека при поднесувањето на овој амандман, како и амандманот на членот 10 кој што се однесуваше на мандатот на членовите на Управниот одбор, сметавме дека не треба да е поголем мандатот на членовите на Управниот одбор и на директорот од мандатот на оние кои што ги номинира и оние кои што го избираат како директорот така и членовите на Управниот одбор.

Со оглед на тоа дека амандманот на членот 10 кој што се однесуваше на мандатот на членовите на Управниот одбор не беше прифатен од страна на заменикот министер и не беше изгласан од страна на парламентартното мнозинство, бидејќи овој амандман е сличен, се однесува на мандатот на директорот и бидејќи не очекувам овој амандман да биде поддржан од мнозинството, го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 14 за менување на точката В, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Овој амандман го прифаќа Владата и според тоа текстот на овој амандман станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 за додавање нов став 2, по ставот 1, и на став 2 поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Овој амандман го прифаќа Владата и според тоа текстот на амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 4, за додавање нов став 8, по ставот 7,поднесен од пратеникот Светлана Акимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Овој амандман го прифаќа Владата и според тоа текстот на амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 65 за менување на став 3, поднесен од пратеникот Светлана Акимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Овој амандман го прифаќа Владата и според тоа текстот на овој амандман станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 74, поднесен од пратеникот Светлана Акимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Овој амандман го прифаќа Владата и според тоа текстот на овој амандман станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 76 став 2, поднесен од пратениците Никола Куркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам господин претседателе. Со оглед на фактот што не беа прифатени амандманите 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11,предложени од пратеникот Никола Куркчиев и Тале Герамитчиоски со кој се предлагаше бришење на членовите од реден број 96 до 103 со кои се регулира основањето, организацијата и надлежностите на комората на овластените геодети, овој амандман не се прифаќа, со оглед на тоа што и претходните не беа прифатени.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави господин Куркчиев, повелете господине Куркчиев имате збор.

**Никола Куркчиев:** Благодарам претседателе.

Уште еднаш, почитуван заменик министер, само потврдувате дека законите ги носиме формално. Не можам да разберам како е можно од една страна да се фалите дека приватната геодетска пракса во Република Македонија заживеа и дека роковите ги скратувате од 75 односно 60 дена, само на три дена работа, а од друга страна ниту да ги прашате тие приватни геодети ни кои се, ни што се, ни како им е едноставно ги бришете од регистарот. Јас мислам дека тоа право го нема никој. Значи, постои комора на овластени архитекти инженери, постои комора на геодети и вие едноставно ја бришете сега. Затоа, правите забуна и не знаете всушност во овој закон повеќе ни што има, ни што нема.

Апсолутно не држи вашето образложение од едноставна причина, сега само да ве потсетам почитуван заменик министер, ние зборуваме за членот 76. Во него, во ставот 2, се вели дека, странски геодетски инженери со овластување од друга држава може да вршат геодетски работи на територијата на Република Македонија под услови на реципроцитет со овластување потврдено од Комората на овластени геодети. Таа Комора постои, напишете дека се поништува, во натамошниот текст Комора, доколку ги познава законите и другите прописи на Република Македонија од областа на геодетските работи.

Секој граѓанин, секој човек кој што има допирна точка со овој закон ќе си го постви прашањето, ве молам да ме сослушате, чија надлежност е, во чија надлежност е утврдувањето на познавањето на законите и другите прописи на Република Македонија од областа на геодетските работи.

Доколку излезете и ми одговорите на ова прашање, што е многу едноставно, јавно ќе излезам од говорница и ќе гласам за овој закон. Ве молам, не правете полош закон од овој што го имаме сега. Не правите забуна во институциите на системот во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор и ма господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Мислам дека постои простор да се размисли да се прифати овој амандман. Јас ќе направам една паралела, според тоа што почитуваниот заменик министер доаѓа од таа адвокатска фела, значи постои адвокатска комора во Република Македонија која што доделува овластувања и лиценци за работа во таа дејност. И, тие како еснаф се договориле и имаат соодветен правен механизам за избор на органи и членови кои во таа адвокатска комора ќе ги доделуваат тие лиценци. Ако е така, и ако геодетите, по донесување на овој закон, претходен кој што е се уште во сила се согласиле дека интересовно ќе се спојат во Комора на архитекти и инженери, значи ќе бидат под мнозинство на тоа множество, доброволно влегле во таа Комора, логично е да се постави прашањето, со кое право настојувате нивната волја за дејствување во еснафот да не се почитува и да се тргне. Значи, посебно ова подмножество да стане множество во овој закон. И, зошто поширокaта можност ја стеснувате на потесни права. Ако стои Комора на архитекти инженери, значи поширока групација со различни профили кои што ќе се занимаваат со оваа дејност, со овие прашања, поквалитетни ќе бидат и решенијата кои што ќе бидат носени.

Комплетно за овој амандман, по сеопфатно ќе биде разгледувано прашањето на молбата на странски геодетски инженер со овластување од друга држава да настапува на територијата на Република Македонија доколку се настапува во постојната Комора на инженери и архитекти.

Јас не гледам некоја причина суштински нешто да се промени ако дозволите досегашниот начин на функционирање да продолжи и натаму. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање, а службите ги молам да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Прекинуваме со работа денес, утре продолжуваме во 11,00 часот по истата агенда каде што застанавме денес.

(Седницата прекина со работа во 16,50 часот)